ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 25 јуни 2015

# СООПШТЕНИЕ

## Директорите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија директно со осигурениците во Тетово

Директорите на Фондот за здравствено осигурување, Сашо Стефаноски и Орхан Рамадани денеска ја посетија подрачната единица на Фондот во Тетово. Ова е продолжение на веќе започнатата активност, еден дел од работната недела тие да ја поминуваат во некоја од подрачните единици во државата, со цел на самото место да се запознаат со реалните проблеми и потреби како на осигурениците така и на вработените и изнаоѓање на можни моментални или системски решенија за надминување на проблемите и пропустите. Директорот Стефаноски информираше за одредени бенефиции што во последниот период се усогласени во Фондот со поддршка од Владата за измени на определени закони.



Над 350 жители на тетовско што досега беа кривично гонети од Фондот за здравство за давање на лажни изјави за остварени приходи. Со измените на Законот за здравствено осигурување веќе нема да бидат кривично гонети со што уште еднаш покажуваме дека го слушаме гласот на народот и секогаш излегуваме во пресрет на нивните барања изјави Стефаноски.

Тој посочи дека денешната посета е и да се видат подготовките во Тетово но и другите подрачни единици на Фондот за прифат на барањата од граѓаните и поединците за отпис на каматите по основ на неплатени придонеси за здравствено осигурување како уште едно олеснување.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Граѓаните ќе можат со поднесено барање да добијат право Фондот да го отпише долгот по основ на камата и тие да може да го платат само главниот долг, по што ќе може да ги остварат сите права од здравствено осигурување како што им следат. Тоа е уште една новина и придобивка за осиурениците и фирмите што работат во Македонија и се разбира и во Тетово рече Стефаноски.



Во рамките на денешната посета на подрачната единица на Фондот во Тетово, двајцата директори ја посетија и аптекарската станици во тетовското село Палатица. Согласно Законот за лекови секоја фирма што има најмалку 2 аптеки во едно населено место или пет на ниво на државата мора да отвори аптекарска станица во соодветни блиски населени места со одреден број на жители. За аптекарските станци административното барање е вработениот да е најмалку фармацевтски техничар со што според Стефаноски заедно со останатите проекти на Владата и Министерството за здравство како Рурален доктор и Наш специјалист им овозможува на граѓаните полесно да можат да добијат рецепт и да се снабдат со потребниот лек што е можно поблиску до нивното место на живеење.

